Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори

## *СОДРЖИНА*

*страна број*


| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Општи одредби** | 3 |
| 1.1 | Поим за ризик | 3 |
| 1.1.1 | Цели и начин на управување со ризиците | 4 |
| 1.2 | Правен основ | 5 |
| 1.2.1 | Закони и подзаконски акти по кои постапува инспекциската служба | 6 |
| 2 | **Методолошки пристап за процена на ризици според ЗИН** | 6 |
| 2.1 | Идентификување на ризиците /ризични области согласно делокругот на работењето на инспекциската служба | 8 |
| 2.2 | Елементи за процена на ризик | 19 |
| 2.2.1 | Тежина на штетните последици | 19 |
| 2.2.1.1 | *Природа на штетните последици* | 19 |
| 2.2.1.2 | *Обем на штетните последици* | 19 |
| 2.2.2 | Веројатност на случување на штетни последици | 19 |
| 2.2.2.1 | *Претходна работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор* | 20 |
| 2.2.2.2 | *Стандарди и другите стандардизациски документи* | 20 |
| 2.2.2.3 | *Системи за управување и внатрешен надзор* | 20 |
| 2.2.2.4 | *Состојба во областа во која се врши дејноста* | 20 |
| 2.2.2.5 | *Внатрешни и надворешни капацитети на субјектот за надзор* | 20 |
| 2.3 | Утврдување на критериуми и параметри/индикатори и нивно вреднување | 20 |
| 2.4 | Утврдување на степенот на ризик | 21 |
| 2.4.1 | Вреднување на степенот на основните елементи на ризик | 21 |
| 2.4.2 | Зачестеност на вршење на инспекцискиот надзор согласно утврдениот ризик | 34 |
| 3 | **Завршни одредби** | 34 |

Врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република СевернаМакедонија" број 102/2019), Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 247/2019), Директорот на **Државниот инспекторат за земјоделство** донесе

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ПРИ ПЛАНИРАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ

## 1. Општи одредби

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори (во понатамошниот текст "Методологија") се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државниот инспекторат за земјоделство (во понатамошниот текст "ДИЗ") и мерењето на степенот на ризиците,а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на земјоделството.

Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор, а се применува од страна на инспекторите од Државниот инспекторат за земјоделство.

Модерните инспекциски системи во развиените економии се стремат да постигнат доброволна усогласеност со имплементирање на принципите за менаџирање на ризици во самиот процес на инспекциски надзор. Менаџирањето на ризици, едноставно кажано, значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност. Ефективните принципи на менаџирање со ризици бараат прибирање и пристап до релевантни податоци, определување на ризикот врз основа на тие податоци и фокусирање на инспекциските активности кон најголемите ризици кои ќе се идентификуваат.

### 1.1 Поим за ризик

Ризик е настан кој може да се случи во иднина и да нанесе штетни последици. Главни елементи на ризикот се штетната последица и веројатноста од случување на штетниот настан во иднина.

Ризиците според видот на штетите можат да се групираат на:

1. загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување;
2. ограничување, односно спречување или попречување на остварување на некое право или интерес на некое физичко и/или правно лице;
3. загрозување на животната средина и
4. загрозување на здравјето на луѓето.

*Ризикот* е веројатноста од случување на настани со негативно влијание за остварување на целите на субјектот и истиот може да претставува закана за успешно остварување на програмите или давањето на услуги на граѓаните.

*Ризикот, исто така, може да се дефинира како комбинацција на тежината на штетните последици врз заштитените добра, правата и интересите, животната средина и здравјето на луѓето кои може да се случат како последица од работата на субјектот на надзор и веројатноста за случување на тие последици.*

Освен разгледувањето на ризикот во негативна смисла, потребно е да се разгледаат можностите за искористување на позитивното влијание од појавата на одредени ризици или околности кои нудат позитивни можности. Значи, *изгубените можности (прилики), исто така, се сметаат за ризици.*

Управувањето со ризици е процес на утврдување и оцена на внатрешните и надворешните ризици кои можат негативно да влијаат на исполнувањето на целите на субјектот и спроведување на потребните контроли, со цел изложеноста на ризик да биде на прифатливо ниво или да се намалат последиците од можен ризик на прифатливо ниво.

Предностите од спроведувањето на управување со ризиците за Инспекторатот се:

- *Подобро одлучување;*
- *Зголемување на ефикасноста;*
- *Подобро предвидување и оптимизирање на расположливите ресурси;*
- *Зајакнување на довербата во системот за управување и*
- *Развој на позитивна организациска култура.*

### 1.1.1 Цели и начин на управување со ризиците

Важно е да се направи разлика помеѓу инспекциски системи базирани на менаџирање на ризици од системите кои се насочени кон максимизирање на бројот на пронајдени неправилности и изречени санкции. Системите кои се насочени кон пронаоѓање и казнување на секоја можна неправилност, без притоа да водат сметка за вистинскиот ризик кои тие нерегуларности го претставуваат, на крајот трошат многу ресурси со вршење инспекциски надзори и наметнуваат огромен товар на субјектите на надзор, што може значително да го наруши економското опкружување.

Од друга страна, ефективното менаџирање со ризици овозможува поефективен и поефикасен инспекциски надзор преку информирање на субјектите на надзор за пропишаните обврски и фокусирање на надзорот онаму каде што ризикот од сериозни неправилности е најголем.

Државниот инспекторат за земјоделство има ограничени ресурси и ограничена можност за надзор, контрола и увид во работењето на субјектите кои се под надзор. Од тие причини ресурсите кои се на располагање се насочени кон спречување на настани кои би предизвикале најголеми штети, а преку откривање и управување со ризиците.

Управувањето со ризици ќе значи идентификација на сите релевантни ризици кај субјектите под надзор, нивно мерење (градација), приоритетизација и контрола.

Идентификацијата и мерењето на ризиците се врши преку прибирање на релевантни податоци, нивно систематизирање, обработка и анализа. Градацијата на ризиците, изработена врз база на анализа на податоците е основен критериум при планирањето на надзорите. Плановите за надзор ќе ги насочат и приоритетизираат инспекциските активности со цел заштитување од најштетните последици.

Зачестеноста на инспекциските надзори и ангажираните ресурси ќе бидат пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот и ќе бидат насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат со неправилностите во работата кај субјектите под надзор.

Планот за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на инспекцискиот орган - ДИЗ со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на планот е во најголем дел заснована врз проценката на ризиците. Квалитетот на планот е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

Начинот на управување со ризиците претставува еден циркуларен процес кој ги содржи следните елементи: анализа на ризиците, утврдување и проценка на ризиците, постапување по ризиците и следење и известување.




a) Анализата подразбира идентификација на видот на ризиците кои се појавуваат кај секој посебен вид на субјект под надзор, кој ќе зависи од самата природа на дејноста и активностите на субјектот.

b) Во фазата на утврдување и проценка, се врши идентификација и предвидување на можните штетни последици кои можат да се предизвикаат со дејноста на субјектот под надзор и на кого точно се однесуваат штетните последици, т.е. кој би можел да трпи штетни последици. Проценката на ризиците се врши врз база на тежината и веројатноста за случување на штетните последици.

c) Постапување е фаза каде се применува планот и се извршуваат надзорите. Во оваа фаза постојано да се следи и споредува предиденото и реалното сценарио за да се утврди реалноста на проценката и доколку се воочи дека проценката не е соодветна или дека настанеле други настани кои влијаат на ризиците, веднаш треба да се направи повторна проценка на ризиците според новонастанатата ситуација.

d) Следење и известување е фазата во која се следи успешноста на проценката на планот и ризиците, каде се споредуваат резултатите од надзорите и се врши проценка на самата методологија на проценка на ризик, начинот на утврдување и мерење на ризиците и доколку е потребно се врши соодветна корекција. Ова е фаза за прибирање и анализа на научени лекции од минатиот период и нивно преточување во нови решенија кои придонесуваат за одбегнување на претходните грешки.

### 1.2 Правен основ

За изработката на оваа Методологија, Државниот инспекторат за земјоделство ги применува Законот за инспекциски надзор и Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик (*„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.247/2019*), со кои се уредуваат елементите за проценка на ризик: тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици.

1.2.1 Закони и подзаконски акти по кои постапува инспекциската служба

Основен закон според кој постапува ДИЗ е Закон за Државен инспекторат за земјоделство. Списокот на законите и подзаконските акти по кои постапува инспекциската служба се дадени во Анекс 1 на оваа Методологија.

Списокот на надлежности и овластувања на инспекторатот се дадени во Анекс 2 на оваа Методологија.

ЦЕЛ (МИСИЈА) на Државниот инспекторат за земјоделство е да врши организирани, ефикасни, ефективни, квалитетни, функционални инспекциски надзори од областа на земјоделството, руралниот развој, виното, семе и саден материјал, здравјето на растенијата, производи за заштита на растенијата, ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, рибарството и аквакултурата на територијата на Република Северна Македонија, стручно оспособување и усовршување на своите вработени, зајакнување на владеењето на правото и организираниот криминал.

## 2. Методолошки пристап за процена на ризици според ЗИН

Штетните последици можат да произлезат од неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите од страна на субјектите врз кои ДИЗ врши инспекциски надзор.

Со неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите може да дојде до:

- загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување;
- ограничување, односно спречување или попречување на остварување на некое право или интерес на некое физичко и/или правно лице;
- загрозување на животната средина и
- загрозување на здравјето на луѓето.

Пристапот базиран на менаџирање со ризици се потпира на факторите на ризик кои произлегуваат од достапните податоци и информации кои се собрани при претходно извршените надзори. Колку повеќе ризик-фактори постојат, толку е поголема веројатноста да се пронајдат неправилности, што пак резултира со повисоко ниво на следење и надзор. Информациите за овие ризик фактори се прибираат од повеќе извори. Преку користење на ефективен начин на известување, кој се развива со насобраното искуство, инспекциската служба ќе биде во можност да ги насочи ресурсите онаму каде што е потребно поголемо внимание, како и да иницира посебни инспекциски надзори за одредени прашања, а кои се валидирани со проверка на досието (предметот).

Управувањето со ризиците, меѓу другото е алатка која им помага на раководните структури да ги предвидат променетите околности и да реагираат на нив.

Управувањето со ризиците е составен дел на процесот на управување, односно тоа е она за што тимот на менаџери треба редовно и постојано да водат сметка.

Управувањето со ризиците овозможува:

- предвидување на неповолните околности или настани кои би можеле да го спречат остварувањето на целите на Инспекторатот,
- да ги насочат ограничените ресурси во клучните области на активност и со нив поврзаните ризици.

Управувањето со ризиците овозможува ефикасен механизам за постигнување посветеност на раководните структури на сите нивоа на приоритети. Затоа е важно

управувањето со ризиците да стане составен дел на процесот на управување, пред се на процесот на планирање и донесување на одлуки. Треба да се гледа како на системски и континуиран процес за утврдување, проценување и следење на ризиците, земајќи ги во предвид целите на Инспекторатот како и преземање на неопходни активности.

Потребно е воведување на еден вид на „*професионализација*" на процесот на управување со ризиците, што се рефлектира во јасно утврдена методологија за управување со ризиците, документирање на информациите за ризиците, видот на ризиците, веројатноста за појава и проценка на ефектите, воведување на систем за известување за ризиците, назначување на тим на одговорни раководни лица за следење на ризиците, изготвување на стратегија за управување со ризиците и слично.

Одредени ризици, а особено оние поврзани за здравјето, безбедноста и околината се со висок ризик и тука е оправдано поголемо ниво на мониторинг и навлегување во проверките на субјектите на надзор. Други пак, ризици можат да бидат едноставни технички неправилности и истите не оправдуваат трошење на време и средства за да се пронајдат, а поради што би се занемариле други посериозни неправилности.

Фокусирањето кон ризиците треба да се примени во одредувањето на тоа толку често треба да се врши надзор на субјектите. Субјектите за кои е веројатно дека се усогласени со правилата потребно е поретко да бидат контролирани отколку оние кои работат во поризичен сектор или пак кај кои биле утврдени значајни неправилности во минатото.

Иако првенствено се однесува на национално ниво, аспектот на координација е важен за Инспекторатот. ДИЗ ќе ја зголеми координацијата и пристапот до информации со цел да се заштеди на средства и да се заштитат субјектите од преоптоварување со последователни инспекции од повеќе различни служби.

Податоците од инспекциските надзори од други служби се доста важни во одредување на нивото на ризик и опфатот на следниот надзор па поради тоа ДИЗ ќе соработува со другите инспекторати. Ваквата координација ќе овозможи добивање податоци од други инспекциски служби за време на планирањето на инспекциите.

Постои можност податоците да не бидат секогаш достапни или пак да биде тешко да се дојде до нив. Со воспоставување на Информацискиот систем (со повеќе МОДУЛИ) ќе се овозможи обработка (внес, измена и/или размена) на податоци од страна на корисниците од инспекциските служби, со цел унифицирано, ефикасно и ефективно планирање, спроведување, затворање и документирање на инспекцискиот надзор, како и размена и користење на податоци со и од други органи и институции, во врска со испекцискиот надзор.

Со оглед на фактот дека Република Северна Македонија го усогласува своето законодавство со acquis и развива систем во согласност со ЕУ, при развојот ги следиме достигнувањата на ЕУ. За сите институции во системот на спроведување на пред-пристапните програми за помош од ЕУ развиена е методологија за управување со ризиците според која секој од вработените во секојдневното извршувањето на задачите воочуваа ризици кои го загрозуваат остварувањето на поставените цели

Согласно оваа Методологија, проценката на ризиците во делокругот на надлежностите на ДИЗ, се врши врз база на анализа на постоечката состојба од аспект на работење на субјектите кои се предмет на инспекциски надзор и врз база на извршените инспекциски надзори во изминатите години.

Со анализата се врши проценка на ризиците и последиците произлезени од неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите од страна на субјектите врз кои ДИЗ врши инспекциски надзор.

Проценката се врши врз основа на стекнатото искуство при долгогодишното вршење на инспекциски надзор на одредени субјекти во минатото, во областите за кои е надлежен инспекторатот, законската и подзаконската регулатива, изворите на информации и податоци за идентификување, претставки, пријави, дојави од правни и физички лица, бесплатниот телефонски број, информации од здруженија, медиуми, заклучоци на Владата на Република

Северна Македонија, врз основа на добиените резултати од различни мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати и сл.

Доколку се сменат околностите врз основа на кои е направена проценката на ризикот, инспекциската служба ќе изврши ревизија на проценката на ризикот, која ќе биде земена предвид при подготвувањето на плановите за работа на ДИЗ.

Проценката на ризик ја вршат искусни лица кои според систематизацијата на ДИЗ имаат таков опис на работното место и се задолжени за управување со ризиците, или во недостаток на такво работно место или функција, се формира тим на менаџери во рамките на ДИЗ.

Тимот на менаџери за проценка на ризик се именуваат од страна на Директорот на ДИЗ и се лица задолжени за вршење на проценка на ризикот од редовите на искусни инспектори од раководните нивоа во Инспекторатот. Истите изготвуваат извештај за извршена проценка на ризик, во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциска служба најдоцна до **01 ноември** во тековната година. Лицата за вршење на проценка на ризик одговараат пред Директорот на ДИЗ. Извештајот за извршена проценка на ризик е задолжителен документ при изготвувањето на Годишниот план за работа на Државен инспекторат за земјоделство и се изготвува врз база на оваа Методологија.

### 2.1 Идентификување на ризиците/ризичните области согласно делогругот на работење на инспекциската служба

Областите и групите на субјекти каде ДИЗ врши надзор и областите на ризик се:

| *Области на дејности* | *Групи субјекти во дејноста* | *Број на субјекти* |
|---|---|---|
| А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО | | |
| Производство на примарни земјоделски производи | • Земјоделски производители ЕРЗС<br>• Регистар на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети,<br>• Регистар на производители на органски производи<br>• Корисници на државно земјоделско земјиште. | 50.000<br>1.565<br>850<br>4.000 |
| Производство трговија на земјоделски репроматеријали | • Производители на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,<br>• Производители на производи за заштита на растенијата и<br>• Производители на семенски и саден материјал.<br>• Увозници и трговци на големо на производи за заштита на растенијата, | 26<br>3<br>170<br>73<br>653 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Трговци на мало на производи за заштита на растенијата,<br>• Увозници на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,<br>• Трговци на мало и големо на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,<br>• Увозници на семе и саден материјал и<br>• Трговци на големо и мало на семенски и саден материјал | 260<br>1012<br>440<br>1500 |
| Откуп на примарни земјоделски производи | • Откупувачи на примарни земјоделски производи<br>- Регистар на откупувачи по Закон за земјоделството и руралниот развој<br>• Откупувачи на тутун Регистар на откупувачи по Закон тутун, производи од тутун и сродни производи<br>• Откупувачи на грозје Регистар на откупувачи по Закон за виното | 975<br>10<br>75 |
| Користење на државно земјоделско земјиште | • Корисници на државно земјоделско земјиште по Закон за земјоделско земјиште | 150 000 |
| Увоз на растенија, растителни производи и други објекти и предмети | • Увозници на растенија, растителни производи и други објекти и предмети по Закон за здравјето на растенијата | 1.565 |
| Б. РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА | | |
| Стопанисување со рибите во риболовните води | Концесионери за стопански риболов со склучен договор согласно Закон за рибарство и аквакултура | 3 |
| Рекреативен риболов | Концесионери за рекреативен од Регистар на концесионери од Закон за рибарство и аквакултура | 38 |
| Аквакултура (одгледување, репродукција и исхрана на риби во рибници, полурибници, кафези и други одгледувалишта) | Субјекти упишани во Регистарот на одгледувачи на риби | 110 |

| | | |
|---|---|---|
| Промет на риба | • Места во кои се одгледува рибата,<br>• Рибарници,<br>• Маркети и<br>• Угостителски објекти. | |

А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**Производство на примарни земјоделски производи**

1. **Земјоделски производители (ЕРЗС)**

Кус опис на дејноста на субјектот: со свои зборови опишете ја улогата и активностите на субјектот.

Производителите на примарни земјоделски производи од растително потекло во текот на производството со цел заштита на насадите и посевите со земјоделските култури користат различни производи на растенија со цел нивна заштита од повеќе штетни организми и плевели. Штетноста произлегува од активноста апликација на производи за заштита на растенијата, кои доколку се применуваат неправилно може да предизвикаат производство на примарни земјоделски производи од растително потекло со резидуи повисоки од максималната дозволена концентрација, како и резидуи од недозволени високотоксични производи за заштита на растенијата. Како последица на тоа со конзумација на истите во исхраната на човекот доаѓа до загрозување на здравјето на луѓето.

Исто така при направилна апликација на производите за заштита на ратсенијата може да дојде и до труење на фармерот кој неправилно ги применил производите за заштита на растенијата.

Податоците за регистрираните земјоделски производители се водат во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, како и Регистарот на органски производители.

Земјоделските производители се контролираат согласно Законот за производи за заштита на растенијата во однос на правилна употреба на производи за заштита на растенијата.

Ризици од дејноста. Под ова се подразбира дефинирање на:

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Вид на штетата/последица<br><br>**<u>Загрозување на здравјето на луѓето</u>**<br>- животно загрозувачко,<br>- средно труење и<br>- лесно труење. | - Купувачи, луѓе кои конзумираат земјоделски производи<br>- Лица кое аплицираат пзр, како и други лица кои се работно ангажирани во насадите и посевите. | - Користење на неодобрени пзр,<br>- Користење на одобрени пзр спротивно на упатството за нивно користење и<br>- Користење на Т+ отрови кои претставуваат директна закана за животот на луѓето |
| <u>Загрозување на здравјето на животните и пчелите</u> | - Домашни животни<br>- Дивеч | - Користење на неодобрени пзр,<br>- Користење на одобрени пзр спротивно на |

| | | |
|---|---|---|
| | - Пчели | упатството за нивно користење и<br>- Користење на Т+ отрови кои претставуваат директна закана за животот на домашните животни, дивечот и пчелите |
| Загрозување на животна средина | - Биодиверзитет<br>- Загадување на почва<br>- Загадување на води | - Користење на неодобрени пзр,<br>- Користење на одобрени пзр спротивно на упатството за нивно користење и<br>- Користење на Т+ отрови кои претставуваат директна закана за животот на луѓето направилна и прекумерна на употреба на ѓубриња |

**Трговија со земјоделски репроматеријали**

## 2. Трговци со земјоделски репроматеријали

Кус опис на дејноста на субјектот:
Во групата на трговци со земјоделски репроматеријали спаѓаат увозници, дистрибутери и трговци на мало и големо на производи за заштита на растенијата (пзр), ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и семе и саден материјал.
Податоците за регистрираните трговци со земјоделски репроматеријали се водат во Регистрите за увозници, дистрибутери, за пласирање на големо и мало на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, Регистарот на правни лица за производство, пласирање на големо и на мало во специјализирани продавници на производи за заштита на растенијата и Регистарот на снабдувачи на семенски материјал и во регистарот на снабдувачи на саден материјал.
Трговците со земјоделски репроматеријали се контролирааат согласно Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, Законот за производи за заштита на растенијата, како и Законот за семенски и саден материјал.

Во ризици од нивната дејност спаѓаат:
- увоз и пласирање на пазар на производи за заштита на растенијата (пзр), ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата кои не соодветствуваат на декларираната содржина, како и
- пласирање на пазар на производи со поминат рок на траење,
- производи кои во моментот не се одобрени во РСМ.

Како последица на користење на пзр, ѓубриња, семе кои не соодветствуваат на декларираната содржина, (пониска содржина на активна

материја, полиска содржина на хранливи материи и семе со помала р'тливост), доаѓа до доведување во забуна на потрошувачите, во овој случај земјоделските производители и во случај кога ги следат упатствата за употреба на наведените производи и ги применуваат во препорачаните количини, сепак истите ќе аплицираат помала количина на активна материја, односно хранливи материи од потребната (поради пониската содржина од наведената) и притоа ќе се намали саканиот ефект, односно нема да се оствари потребната заштита на растенијата или потребниот раст и развој на растенијата.

Во случај на семе со слаба р'тливост, применувајќи ја препорачаната количина на 1 хектар, никнува мал дел од посевот или воопшто нема никнати растенија. Слични се и последиците кои ќе се предизвикаат при продажба на семе со поминат рок на траење.

Штетни последици има и од пласирање на пазар на некои производи кои не се одобрани, а истите можат да предизвикуваат фитотоксичност и намалување на очекуваниот принос.

<u>Во сите наведени случаи се намалува приносот и приходот на производители на примарни земјоделски производи од растително потекло.</u>

Ризици од дејноста - само оние поврзани со надлежноста на инспекторатот

| <u>Вид на ризик</u> | <u>Субјекти над кои може да настане штетата</u> | <u>Причини од кои може да настане штетата</u> |
|---|---|---|
| <u>Вид на штетата/последица</u><br><br>**Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес.**<br>Во овој случај може да настанат следните штети:<br>- Намалување на принос и приходи на земјоделските производители до 10 %,<br>- Намалување на принос и приходи на земјоделските производители до 50 % и<br>- Целосно пропаѓање на посевот (или воопшто да не изр'ти посеаното семе) | - Производители на примарни земјоделски производи од растително потекло | - Продажба на пзр, ѓубриња, семе кои не соодветствуваат на декларираната содржина (пониска содржина на активна материја, пониска содржина на хранливи материи и семе со помала ртливост),<br>- Продажба на пзр, ѓубриња, семе со поминат рок на употреба,<br>- Продажба на производи кои не се одобрени и може да бидат фитотоксични за растенијата. |

**Откуп на примарни земјоделски производи**

**3. Откупувачи на примарни земјоделски производи**

Откупот на примарните земјоделски производи согласно Законот за земјоделство и рурален развој, Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи и Законот за вино може да го вршат само правни лица кои се впишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, Регистарот на производители на вино и Регистарот на откупувачи на тутун.
Регистрираните откупувачи потребно е да исполнуваат одредени услови со кои се заштитуваат интересите на производителите на примарни земјоделски производи.
Штетноста може да настане во следните случаи кога:

- за предадените количини на примарни земјоделски производи откупувачите нема навремено или воопшто нема да им ги исплатат потребните финансиски средства на земјоделските производители.
- откупувачите користат небаждарени мерни инструменти со што може да предизвикаат штета на начин на кој ќе им бидат измерени помали количини кои нема да соодветствуваат на вистинските количини на предадени земјоделски производи.
- класирањето го вршат несоодветни оценувачи при што може да дојде до несоодветно класирање на земјоделските производи (во пониска класа) и
- откупувачите нема да ја почитуваат законската обврска за откуп по неделно утврдената минимална цена.

Ризици од дејноста.
Во сите наведени случаи земјоделските производители претрпуваат материјална штета, односно добиваат пониски финансиски средства за предадените количини на земјоделски производи од онаа вредност која треба реално да им се исплати или се доцни со нивната исплата.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| **Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес**<br>- Несоодветно исплаќање на откупените количини на земјоделски производи. Во овој случај може да настанат следните штети:<br>• Доцнење со исплатата на откупените | Производители на примарни земјоделски производи | - Откупувачот да не располага со неопходните финансиски средства за исплата на откупените земјоделски производи<br>- Откупувачот да располага со потребните финансиски средства, но истите да не ги користи за исплата на откупените |

| | | |
|---|---|---|
| количини на земјоделски производи надвор од дефинираниот рок во Договорот,<br>• Неисплаќање во целост на откупените количини на земјоделски производи | | земјоделски производи |
| - Исплаќање на помала сума за предадените количини на земјоделски производи на земјоделските производители од реалната како последица на текот на откупот во однос на:<br>• утврдување на соодветната количина,<br>• соодветната класа и<br>• соодветна цена. | Производители на примарни земјоделски производи | - Откупувачот не располага со соодветно баждарени мерни инструменти,<br>- Несоодветни оценувачи,<br>- Несоодветно класирање на земјоделските производи,<br>- Непочитување на минималната цена која е утврдена во текот на таа недела (Освен за Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи). |

**Увоз на растенија, растителни производи и други објекти и предмети**

**4. Оператори со растенија, растителни производи и други објекти и предмети**

Кус опис на дејноста на субјектот:
Во групата на оператори со растенија, растителни производи и други објекти и предмети спаѓаат производители, увозници, дистрибутери и извозници на растенија, растителни производи и предмети кои со себе носат фитосанитарен ризик во однос на внесување и ширење на карантински штетни организми на територијата на државата.

Со внесување и ширење на наведените организми може да дојде до пренамножување на истите и да се предизвика намалување на приносот или уништување на растенијата што ќе предизвика материјална штета на земјоделските производители.

Исто така со внесување на одредени карантински организми може да дојде до пренамножување на истите, што може да причини пореметување на биолошката рамнотежа во природата, како и угинување на одредени растителни видови.

Ризици од дејноста. Под ова се подразбира дефинирање на:

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| Вид на штетата/последица<br>**Загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување.**<br>- Делумно намалување на очекуваниот принос, а зголемување на производни трошоци за заштита на растенијата<br>- Целосно уништување на насадот, односно посевот,<br>- Целосно уништување на приносот од одредена земјоделска култура на територијата на државата. | - Производители на примарни земјоделски производи од растително потекло<br>- Извозници и дистрибутери на растенија и растителни производи | - Внесување на карантински штетен организам во државата<br>- Проширување на одреден карантински штетен организам на територијата на државата |
| Загрозување на животната средина | Држава Република Северна Македонија | - Внесување на карантински штетен организам во државата<br>- Проширување на одреден карантински штетен организам на територијата на државата |

**Користење на државно земјоделско земјиште**

**4. Корисници на државно земјоделско земјиште**

Корисниците на државно земјоделско земјиште користат државно земјоделско земјиште за производство на примарни земјоделски производи, а во земјоделско земјиште опфатени се: нива, градина, овоштарници, лозја, маслинарници, други долгогодишни насади, ливади, пасишта, мочуришта, трстици, рибници, нива под оранжерии, нива под помошни објекти, нива под објект за примарна обработка на земјоделски производи, како и земјиште во функција за потребите на користење на оранжериите, помошните објекти и објектите за примарна обработка на земјоделски производи, како и друго земјиште кое се користи или не се користи (необработливо земјиште), а кое со примена на агротехнички и агромелиоративни и хидромелиоративни мерки може да се оспособи за земјоделско производство.

Ризици од дејноста.

- нерационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурси
- загрозување  на правнате сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| Вид на штетата/последица<br>**Загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување.**<br>- Користење на државно земјоделско земјиште спротивно на Договорните односи, пропишано со Законот за земјоделско земјиште | - Корисници на државно земјоделско земјиште со договор за користење,<br>- Држава Република Северна Македонија | - користење на државно земјоделско земјиште спротивно со Законот за земјоделско земјиште,<br>- одгледување на земјоделски култури кои се  опфатени со Договорот, и не се спроведуваат соодветните агротехнички мерки,<br>- бесправно користење на земјоделско земјиште (узурпација),<br>- давање во под закуп на државното земјоделско земјиште и<br>- користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели |
| Загрозување на животната средина | Држава Република Северна Македонија | - намалување на употребната вредност на земјоделското земјиште во поглед на намалување на плодност,<br>- загадување на земјоделското земјиште со штетни материи. |

Б. РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

**Стопанисување со рибите во риболовните води**

**1. Концесионери за стопанисување со рибите во риболовните води**

При оваа дејност, на концесионерите им се доделуваат поголеми водни површини, како што се езерата во РСМ за стопанисување со рибите во риболовните води.

За време на користењето на концесијата, концесионерот има обврска да презема мерки за заштита и одржување на рибите, да ги почитува количините на дозволен лов по видови риби, да го почитува времето во кое е дозволен лов на рибите и најмалата големина на рибите под која не смеат да се ловат по видови, да врши редовно порибување (време, количина и видови на риби), да издава дозволите за рекреативен риболов и да организира рибочуварска служба во насока на осигурување на горенаведеното.

Ризици од дејноста.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| **Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес**<br><br>- Намалување на рибниот фонд,<br>- Загрозување на опстанок на одреден вид риби | - Концесионери за стопанисување со рибите во риболовните води,<br>- Држава Република Северна Македонија | - концесионерот не врши соодветно порибување,<br>- концесионерот нема воспоставена соодветна рибочуварска служба,<br>- концесионерот врши риболов во период на забрана (мрест) и<br>- концесионерот врши риболов во количина поголема од дозволената. |

## 2.2. Елементи за проценка на ризик

Степен на ризик е производ на тежина на последиците од ризикот и веројатноста за настанување на штетниот настан кој ќе предизвика штетни последици (тежина x веројатност).

Елементи за проценка на ризик се:

1. Тежината на штетните последици и
2. Веројатноста за случување на штетните последици.

### 2.2.1 Тежина на штетните последици

Елементи на тежината на штетните последици се:

- Природа на штетните последици
- Обем на штетните последици

#### 2.2.1.1 Природа на штетни последици

Природата на штетните последици произлегува од видот на дејноста на субјектот на надзор односно активностите кои ги презема или овластувањата кои ги врши во рамките на своето работење.

Во табелата подолу се дадени видови на субјекти под надзор, области на штетени последици и критериуми според кои ќе се мери ризикот.

За секој вид на субјект под надзор се прави одделна проценка на ризик. Доколку повеќе видови субјекти кои припаѓаат во една иста група имаат исти карактеристики, слична дејност и слична природа на ризици, се прави проценка на ризик по група на субјекти под надзор.

За секој вид на субјект се определуваат области на ризик и за секоја област се утврдуваат критериуми според кои ќе се мери ризикот. За секој критериум се дефинираат прецизни индикатори според кои ќе се мери проценетата вредност на ризикот.

За секоја област на штетни последици се утврдува вкупен број на бодови кои се распределуваат на параметрите согласно нивната важност при утврдување на ризик. Вкупниот број на бодови за една област е еднаков на збирот на можни бодови на сите параметри за таа област. За утврдување на степен на ризик според скалата низок, среден и висок ризик се користат вредностите од избраните индикатори.

#### 2.2.1.2 Обем на штетни последици

Обемот на штетните последици произлегува од опфатот и обемот на дејноста на субјектот под надзор. Субјектите се поделени во три групи со мал, среден и висок степен на ризик. За секоја одделен вид на субјекти под надзор се определени соодветни критериуми за степенот на ризик.

### 2.2.2 Веројатност на случување на штетни последици

Веројатноста за случување на штетни последици се проценува врз основа на определени критериуми.

Вредностите на критериумите за процена на веројатноста за случување на штетните последици се искажуваат во бодови, така да за секој критериум се доделуваа определен број на бодови.

При процена на ризик, за секој критериум треба да се утврди број на бодови кои се собираат и се добива вкупна нумеричка вредност која се дефинира дали спаѓа во мал, среден или висок ризик.

Утврдување на елементот веројатност за настанување на штетни последици се врши преку мерење на следните пет специфични елементи:

**2.2.2.1** Претходната работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување, при што се утврдува каква е историјата на најдени неусогласености, прекршоци или кривични пријави, вид и број на изречени мерки против субјектот.

**2.2.2.2** Стандарди и други документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор. Дали субјектот има воведени релевантни стандарди, врши редовна ресертификација.

**2.2.2.3** Системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекциски надзор. Дали субјектот има развиени пишани процедури за работа сопствена внатрешна контрола на работењето, задолжени лица за контрола, редовна евиденција и записници и сл.

**2.2.2.4** Состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област, трендови, компаративна состојба со слични земји, добри пракси од други земји.

**2.2.2.5** Внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекциски надзор.

## 2.3 Утврдување на критериуми и параметри/индикатори и нивно вреднување

Секој ризик се мери според утврдени параметри (критериуми) и индикатори. Параметрите се директно поврзани со ризикот и претставуваат показател преку што или преку која дејност на субјектот се определува висината на ризикот.

Индикаторите се опции кои подетално ги дефинираат параметрите и предвидуваат конкретни степени на квалитетот или обемот на одреден критериум. Се определува онолкав број на индикатори кој реално може да ја прикаже состојбата на одредениот критериум. За секој индикатор се доделува определен број на бодови. Бројот на бодови се утврдува од страна на искусни инспектори од раководните нивоаво инспекторатот кои преку распоредот на бодовите вршат рангирање на важноста на ризикот. Доделениот повисок број на бодови претставува и повисок степен на ризик.

По утврдувањето на бодовите за секој ризик и параметар, се собираат бодовите на природата и обемот на штетната последица и според матрицата се утврдува степен на ризикот. Исто така, се доделуваат бодовите и за веројатноста за настанување на штетниот настан и се утврдува степен на ризикот кој се става во матрицата на ризици.

За утврдување на параметри и индикатори во ДИЗ, ќе се користи метода на ***brainstorming,*** поради фактот дека различни луѓе со различно искуство и знаења за одреден проблем различно постапуваат. Стандардниот „brainstorming" ќе се врши усно за да се стимулира креативноста на учесниците. Оваа метода, е многу ефикасна во смисла на опфаќање на информации и размена на мислења помеѓу различни лица и нивоа во Инспекторатот, со што се доаѓа до најдобри решенија.

### 2.4.Утврдување на степенот на ризик

Секој од утврдените ризици во оваа методологија опфаќа 3 степени на ризик, и тоа:

- Ниво 1 – низок степен на ризик
- Ниво 2 -среден степен на ризик
- Ниво 3 – висок степен на ризик

#### 2.4.1. Вреднување на степенот на основните елементи на ризик

Степенот на ризик се утврдува врз основа на матрицата на ризици 3x3, на чија хоризонтална оска се нанесуваат вредностите за степенот на тежината на штетните последици, а на вертикалната оска се нанесуваат вредностите за степенот на веројатноста за случување на штетните последици.

За потребите на матрицата 3x3, вкупните нумерички вредности на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици се сведуваат во опсег 1-3, односно се утврдуваат како степени и изнесуваат:

- 1 - низок,
- 2 - среден и
- 3 - висок.

Вредноста на проценетиот степен на ризик се добива со множење на нумеричките вредности на степените на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетни последици може да изнесува:

- 1 или 2 - низок степен на ризик,
- 3 или 4 - среден степен на ризик и
- 6 или 9 - висок степен на ризик.

**Матрица на степени на ризик 3x3**

| Веројатност за случување на штетни последици | 1- Ниска | 2 - Средна | 3 - Висока |
|---|---|---|---|
| 3 - Висока | 3 | 6 | 9 |
| 2 - Средна | 2 | 4 | 6 |
| 1- Ниска | 1 | 2 | 3 |

**Тежина на штетни последици**

Во табелите подоле се дадени сите релевантни ризици по области и по субјекти под надзор. Преку дефинирани параметри и индикатори за секој вид ризик и вид на субјект, ќе може да се мери ризичноста на секој субјект одделено:

| ОБЛАСТ<br>**А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО** | ГРУПА - Субјект<br>**Производителите на примарни земјоделски производи** | **БОДОВИ** |
|---|---|---|
| **РИЗИК бр. 1** | Име на ризикот<br>**Загрозување на здравјето на луѓето** | |
| 1. Основен елемент | ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 100 |
| 1.1 Специфичен елемент | ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 50 |
| **1.1.1 Критериум** | **Загрозување на здравје на луѓето, при употреба (апликација) на хемиски активни соединенија (ПЗР)** | 50 |
| Индикатори | нема присуство на резидуи од производи за заштита на растенијата | 15 |
| | утврдено присуство на резидуи од одобрени производи за заштита на растенијата во рамките на МРЛ | 30 |
| | утврдено присуство на резидуи од одобрени/неодобрени производи за заштита на растенијата повисоки од МРЛ | 50 |
| 1.2 Специфичен елемент | ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 50 |
| **1.2.1 Критериум** | **Големина на посев/насад** | 50 |
| Индикатори | до 0,2 ха | 15 |
| | од 0,2 ха до 2 ха | 30 |
| | над 2 ха | 50 |
| 2. Основен елемент | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 600 |
| 2.1 Специфичен елемент | ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ | 250 |
| **2.1.1 Критериум** | **Број на утврдени неправилности** | 100 |
| Индикатори | Без неправилности во последните 3 години | 50 |
| | До два неправилности во последните три години | 120 |
| | Повеќе од два неправилности во последните три години | 150 |
| **2.1.2 Критериум** | **Тежина на претходно изречени инспекциски мерки** | 150 |
| Индикатори | Опомена | 50 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение | 80 |
| | Прекршочни мерки | 120 |
| | Кривични санкции | 150 |
| 2.2 Специфичен елемент | СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА | 50 |
| **2.2.1 Критериум** | **Воспоставено стандарди за добра земјоделска пракса - ДЗП** | **25** |
| Индикатори | Има стандарди и ги применува | 5 |
| | Има стандарди и не ги применува | 20 |
| | Нема стандарди | 25 |
| **2.2.2 Критериум** | **Воспоставување на стандард за Органско земјоделско производство** | **25** |
| Индикатори | Сертифицирано органско земјоделско производство | 5 |
| | Производство во преод | 20 |
| | Конвенционално земјоделско производство | 25 |
| 2.3 Специфичен елемент | СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР | 50 |
| **2.3.1 Критериум** | **Воспоставување на внатрешни процедури за самоконтрола** | **50** |
| Индикатори | Врши самостојна контрола на безбедност на производите (самостојно носи примероци за анализа на резидуи) | 20 |
| | не е запишан во регистарот | 50 |
| 2.4 Специфичен елемент | СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА | 200 |
| **2.4.1 Критериум** | **Вид на култури** | **200** |
| Индикатори | житни и индустриски култури | 50 |
| | градинарски култури | 150 |
| | лозови и овошни насади | 200 |
| 2.5 Специфичен елемент | ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР | 50 |
| **2.5.1.Критериум** | **Сопствени или ангажирани експерти** | **50** |
| Индикатори | Има вработени стручни лица од областа за заштита на растенија | 10 |
| | Има склучено Договор со стручни лица од областа за заштита на растенија | 25 |
| | Нема склучено Договор со стручни лица од областа за заштита на растенија | 50 |

| **ОБЛАСТ**<br>**А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО** | **ГРУПА** - Субјект<br>**Трговци со земјоделски репроматеријали**<br>*(увозници, дистрибутери и трговци на мало и големо на производи за заштита на растенијата (пзр), ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и семе и саден материјал)* | **БОДОВИ** |
|---|---|---|
| **РИЗИК бр. 2** | Име на ризикот<br><br>**Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес** | |
| 1. Основен елемент | ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 250 |
| 1.1 Специфичен елемент | ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 200 |
| **1.1.1 Критериум** | **Несоодветно деклариран производ, односно содржината на производот не соодветствува со декларацијата** | **50** |
| Индикатори | Во согласност со декалрираното | 15 |
| | Мали отстапувања | 20 |
| | Големо отставување | 25 |
| **1.1.2 Критериум** | **Рок на употреба** | **50** |
| Индикатори | Во рок | 15 |
| | Со поминат рок на употреба | 50 |
| **1.1.3 Критериум** | **Пласирање на пазар на неодобрени производи** | **100** |
| Индикатори | одобрен | 30 |
| | неодобрен | 70 |
| | забранет | 100 |
| 1.2 Специфичен елемент | ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 50 |
| **1.2.1 Критериум** | **Количина на производи за заштита на растенијата, ѓубриња, семе кои се пласирани на пазар од страна на субјектот** | **50** |
| Индикатори | трговец на мало | 15 |
| | дистрибутер/ трговец на големо | 30 |
| | увозник/ | 50 |
| 2. Основен елемент | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 600 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.1 Специфичен елемент | ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ | | 300 |
| **2.1.1 Критериум** | **Број на утврдени неправилности** | | **100** |
| Индикатори | Без неправилности во последните 3 години | 50 | |
| | До два неправилности во последните три години | 120 | |
| | Повеќе од два неправилности во последните три години | 150 | |
| **2.1.2 Критериум** | **Тежина на претходно изречени инспекциски мерки** | | **150** |
| Индикатори | Опомена | 50 | |
| | Решение | 80 | |
| | Прекршочни мерки | 120 | |
| | Кривични санкции | 150 | |
| **2.1.1 Критериум** | **Воспоставување на стадарди согласно закон** | | **50** |
| Индикатори | Има стандарди и ги применува | 15 | |
| | Има стандарди и не ги применува | 30 | |
| | Нема стандарди | 50 | |
| 2.3 Специфичен елемент | СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР | | 50 |
| **2.3.1 Критериум** | **Воспоставување на внатрешни процедури самоконтрола** | | **50** |
| Индикатори | Има процедури за самоконтрола и ги применува | 20 | |
| | Има процедури за самоконтрола и не ги применува | 30 | |
| | Нема процедури за самоконтрола | 50 | |
| 2.4 Специфичен елемент | СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА | | 200 |
| **2.4.1 Критериум** | **Вид на производи кои пласира на пазар** | | **200** |
| Индикатори | Ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | 100 | |
| | производи за заштита на растенијата | 150 | |
| | семе и саден материјал | 200 | |
| 2.5 Специфичен елемент | ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР | | 50 |
| **2.5.1.Критериум** | **Сопствени или ангажирани експерти** | | **50** |
| Индикатори | Има вработени стручни лица од областа за заштита на растенија | 10 | |
| | Има склучено Договор со стручни лица од областа за заштита на растенија | 25 | |
| | Нема склучено Договор со стручни лица од областа за заштита на растенија | 50 | |

| ОБЛАСТ<br>А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО | ГРУПА - Субјект<br>**Откупувачи на примарни земјоделски производи** | **БОДОВИ** |
|---|---|---|
| **РИЗИК бр. 3** | Име на ризикот<br>**Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес** | |
| 1. Основен елемент | ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 150 |
| 1.1 Специфичен елемент | ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 50 |
| **1.1.1 Критериум** | **Несоодветно исплаќање на откупените количини на земјоделски производи** | **50** |
| Индикатори | Навремена исплата согласно Договорот | 10 |
| | Неисплатени договорни обврски до една година | 30 |
| | Неисплатени договорни обврски по истекот на една година | 50 |
| 1.2 Специфичен елемент | ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 100 |
| **1.2.1 Критериум** | **Количина на откупени примарни земјоделски производи во претходната година** | **50** |
| Индикатори | до 50 тони | 15 |
| | од 50 до 200 тони | 30 |
| | над 200 тони | 50 |
| **1.2.2 Критериум** | **Број на производители (коопeранти) од кои се откупени примарни земјоделски производи во претходната година** | **50** |
| Индикатори | до 50 | 15 |
| | од 50 до 200 | 30 |
| | над 200 | 50 |
| 2. Основен елемент | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 600 |
| 2.1 Специфичен елемент | ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ | 250 |
| **2.1.1 Критериум** | **Број на утврдени неправилности** | **100** |
| Индикатори | Без неправилности во последните 3 години | 50 |
| | До два неправилности во последните три години | 80 |
| | Повеќе од два неправилности во последните три години | 100 |
| **2.1.2 Критериум** | **Тежина на претходно изречени инспекциски мерки** | **150** |
| | Опомена | 50 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение | 80 |
| | Прекршочни мерки | 120 |
| | Кривични санкции | 150 |
| 2.2 Специфичен елемент | СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА | 50 |
| **2.2.1 Критериум** | **Воспоставување на стандарди согласно законите** | **50** |
| Индикатори | Има стандарди и ги применува | 10 |
| | Има стандарди и не ги применува | 30 |
| | Нема стандарди | 50 |
| 2.3 Специфичен елемент | СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР | 50 |
| **2.3.1 Критериум** | **Воспоставување на внатрешни процедури самоконтрола** | **50** |
| Индикатори | Има процедури за самоконтрола и ги применува | 20 |
| | Има процедури за самоконтрола и не ги применува | 30 |
| | Нема процедури за самоконтрола | 50 |
| 2.4 Специфичен елемент | СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА | 200 |
| **2.4.1 Критериум** | **Вид на откупени земјоделски производи** | **200** |
| Индикатори | тутун | 50 |
| | винско грозје | 100 |
| | примарни земјоделски производи од анимално потекло, житни и индустриски култури, овошје, зеленчук и трпезно грозје | 200 |
| 2.5 Специфичен елемент | ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР | 50 |
| **2.5.1.Критериум** | **Сопствени или ангажирани експерти** | **50** |
| Индикатори | Има вработени стручни лица | 10 |
| | Има склучено Договор со стручни лица | 25 |
| | Нема склучено Договор со стручни лица | 50 |

| ОБЛАСТ<br>А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО | ГРУПА - Субјект<br>Увозници на растенија, растителни производи и други објекти и предмети | БОДОВИ |
|---|---|---|
| РИЗИК бр. 4 | Име на ризикот<br>Загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување | |
| 1. Основен елемент | ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 150 |
| 1.1 Специфичен елемент | ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 100 |
| 1.1.1 Критериум | **Внесување на карантински штетни организми** | 50 |
| Индикатори | Нема присуство на карантински штетни организми на растенија, растителни производи и други објекти и предмети | 10 |
| | Има присуство на карантински штетни организми на растенија, растителни производи и други објекти и предмети | 50 |
| 1.1.2 Критериум | **Земја на потекло на увезени растенија, растителни производи** | 50 |
| Индикатори | ЕУ земји, соседни земји и Турција | 20 |
| | останати земји | 30 |
| | Азија и Африка | 50 |
| 1.2 Специфичен елемент | ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 50 |
| 1.2.1 Критериум | **Количина на увезени растенија и растителни производи** | 50 |
| Индикатори | до 10 увезени пратки годишно | 15 |
| | од 10 до 50 увезени пратки годишно | 30 |
| | над 50 увезени пратки годишно | 50 |
| 2. Основен елемент | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 600 |
| 2.1 Специфичен елемент | ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ | 250 |
| 2.1.1 Критериум | **Број на утврдени неправилности** | 100 |
| Индикатори | Без неправилности во последните 3 години | 50 |
| | До два неправилности во последните три години | 80 |
| | Повеќе од два неправилности во последните три години | 100 |
| 2.1.2 Критериум | **Тежина на претходно изречени инспекциски мерки** | 150 |
| Индикатори | Опомена | 50 |
| | Решение | 80 |
| | Прекршочни мерки | 120 |

| | | |
|---|---|---|
| | Кривични санкции | 150 |
| 2.2 Специфичен елемент | СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА | 50 |
| **2.2.1 Критериум** | **Воспоставено стандарди при увоз** | **50** |
| Индикатори | Има стандарди и ги применува | 20 |
| | Има стандарди и не ги применува | 30 |
| | Нема стандарди | 50 |
| 2.3 Специфичен елемент | СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР | 50 |
| **2.3.1 Критериум** | **Воспоставување на внатрешни процедури самоконтрола** | **50** |
| Индикатори | Има процедури за самоконтрола и ги применува | 20 |
| | Има процедури за самоконтрола и не ги применува | 30 |
| | Нема процедури за самоконтрола | 50 |
| 2.4 Специфичен елемент | СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА | 200 |
| **2.4.1 Критериум** | **Вид на увезени растенија и растителни производи** | **200** |
| Индикатори | производи кои не се наведени во Листа V дел В | 50 |
| | плодови од овошни и градинарски култури | 110 |
| | режана граѓа, дрво, дрвен материјал за пакување | 130 |
| | компир, режано цвеќе | 150 |
| | семе и саден материјал | 200 |
| 2.5 Специфичен елемент | ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР | 50 |
| **2.5.1.Критериум** | **Сопствени или ангажирани експерти** | **50** |
| Индикатори | Има вработени стручни лица од областа за заштита на растенија | 10 |
| | Има склучено Договор со стручни лица од областа за заштита на растенија | 25 |
| | Нема склучено Договор со стручни лица од областа за заштита на растенија | 50 |

| ОБЛАСТ<br>**А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО** | ГРУПА - Субјект<br>**Корисници на државно земјоделско земјиште** | БОДОВИ |
|---|---|---|
| РИЗИК бр. 5 | Име на ризикот<br>**Загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување** | |
| 1. Основен елемент | ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 150 |
| 1.1 Специфичен елемент | ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 100 |
| 1.1.1 Критериум | **Користење на државно земјоделско земјиште спротивно со Законот за земјоделско земјиште** | 100 |
| Индикатори | користење на државно земјоделско земјиште во согласност со Законот за земјоделско земјиште | 10 |
| | одгледување на земјоделски култури кои не се опфатени со Договорот, односно спротивно на намената од Договорот | 60 |
| | одгледување на земјоделски култури кои се опфатени со Договорот, но не се спроведуваат соодветните агротехнички мерки | 70 |
| | бесправно користење на земјоделско земјиште (узурпација) | 80 |
| | давање во под закуп на државното земјоделско земјиште | 90 |
| | користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели | 100 |
| **1.2 Специфичен елемент** | ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 50 |
| **1.2.1 Критериум** | **Површина на државно земјоделско земјиште** | **50** |
| Индикатори | до 0,5 ха | 10 |
| | од 0,5 до 2 ха | 30 |
| | од 2 до 10 ха | 40 |
| | над 10 ха | 50 |
| 2. Основен елемент | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 600 |
| 2.1 Специфичен елемент | ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ | 250 |
| **2.1.1 Критериум** | **Број на утврдени неправилности** | **100** |
| Индикатори | Без неправилности во последните 3 години | 50 |
| | До два неправилности во последните три години | 80 |
| | Повеќе од два неправилности во последните три години | 100 |
| **2.1.2 Критериум** | **Тежина на претходно изречени инспекциски мерки** | **150** |
| Индикатори | Опомена | 50 |
| | Решение | 80 |

| | | |
|---|---|---|
| | Прекршочни мерки | 120 |
| | Кривични санкции | 150 |
| 2.2 Специфичен елемент | СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА | 50 |
| **2.2.1 Критериум** | **Воспоставување на стандарди согласно законот** | **50** |
| Индикатори | Има стандарди и ги применува | 10 |
| | Има стандарди и не ги применува | 30 |
| | Нема стандарди | 50 |
| 2.3 Специфичен елемент | СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР | 50 |
| **2.3.1 Критериум** | **Дали закупецот уредно води и доставува годишен Извештај** | **50** |
| Индикатори | води евиденција и доставува Извештај во предвидениот рок | 5 |
| | води евиденција и доставува Извештај надвор од предвидениот рок | 10 |
| | води евиденција, а не доставува Извештај | 40 |
| | не води евиденција, а не доставува Извештај | 50 |
| 2.4 Специфичен елемент | СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА | 200 |
| **2.4.1 Критериум** | **Времетраење на Договор за закуп на земјоделско земјиште** | **200** |
| Индикатори | до 15 години (ливади, одгледување на други земјоделски култури и за поставување на пчелни семејства за период) | 100 |
| | до 20 години (рибници) | 130 |
| | до 30 години (подигање или одгледување на долгогодишни насади - лозја, овоштарници, хмељ, брзорастечки дрвја, и оранжерии, спортско-рекреативни активности и рурален туризам) | 150 |
| | до 50 години (подигање или одгледување на маслинарници за период) | 180 |
| | до 70 години (подигање или одгледување на долгогодишни насади со лешник) | 200 |
| 2.5 Специфичен елемент | ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР | 50 |
| 2.5.1.Критериум | Сопствени или ангажирани експерти | 50 |
| Индикатори | Има вработени стручни лица | 10 |
| | Има склучено Договор со стручни лица | 25 |
| | Нема склучено Договор со стручни лица | 50 |

| ОБЛАСТ<br>**Б. РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА** | ГРУПА - Субјект<br>**Концесионери за стопанисување со рибите во риболовните води** | БОДОВИ |
|---|---|---|
| РИЗИК бр. 6 | Име на ризикот<br>**Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес** | |
| 1. Основен елемент | ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 150 |
| 1.1 Специфичен елемент | ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 50 |
| **1.1.1 Критериум** | **Намалување на рибниот фонд** | **50** |
| Индикатори | нема намалување на рибниот фонд | 10 |
| | делумно намалување на рибниот фонд | 30 |
| | загрозување на опстанок на одреден вид риби | 50 |
| 1.2 Специфичен елемент | ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 100 |
| **1.2.1 Критериум** | **Број на издадени риболовни дозволи** | **50** |
| Индикатори | до 100 | 15 |
| | од 100 до 1000 | 30 |
| | над 1000 | 50 |
| 2. Основен елемент | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 600 |
| 2.1 Специфичен елемент | ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ | 250 |
| **2.1.1 Критериум** | **Број на утврдени неправилности** | **100** |
| Индикатори | Без неправилности во последните 3 години | 50 |
| | До два неправилности во последните три години | 80 |
| | Повеќе од два неправилности во последните три години | 100 |
| **2.1.2 Критериум** | **Тежина на претходно изречени инспекциски мерки** | **150** |
| Индикатори | Опомена | 50 |
| | Решение | 80 |
| | Прекршочни мерки | 120 |
| | Кривични санкции | 150 |
| 2.2 Специфичен елемент | СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА | 50 |
| **2.2.1 Критериум** | **Воспоставување на стандарди согласно законот** | **50** |

| | | |
|---|---|---|
| Индикатори | Има стандарди и ги применува | 10 |
| | Има стандарди и не ги применува | 30 |
| | Нема стандарди | 50 |
| 2.3 Специфичен елемент | СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР | 50 |
| **2.3.1 Критериум** | **Дали откупувачот има воспоставено систем има воспоставено рибочуварска служба** | **50** |
| Индикатори | има воспоставено рибочуварска служба во поголем број од наведените во Договорот | 5 |
| | има воспоставено рибочуварска служба согласно Договорот | 10 |
| | има воспоставено рибочуварска служба во помал број од наведеното во Договорот | 40 |
| | нема воспоставено рибочуварска служба | 50 |
| 2.4 Специфичен елемент | СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА | 200 |
| **2.4.1 Критериум** | **Големина на риболовни води со кои управува концесионерот** | **200** |
| Индикатори | риболовни ривири | 100 |
| | вештачки акумулации | 150 |
| | природни езера | 200 |
| 2.5 Специфичен елемент | ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР | 50 |
| **2.5.1.Критериум** | **Сопствени или ангажирани експерти** | **50** |
| Индикатори | Има вработени стручни лица | 10 |
| | Има склучено Договор со стручни лица | 25 |
| | Нема склучено Договор со стручни лица | 50 |

**2.4.2** Зачестеност на вршење на инспекцискиот надзор согласно утврдениот ризик

Зачестеноста на вршење на инспекциски надзор зависи од степенот на ризик на субјектот:

| Степен на ризик | Зачестеност на надзор |
| --- | --- |
| висок степен | најмалку еден инспекциски надзор годишно |
| среден степен | најмалку еден инспекциски надзор во две години |
| низок степен | најмалку еден инспекциски надзор во три години |

Кај новоосnованите субјекти (субјекти кои се основани и кои започнале со извршување на дејност во последната година) како и кај субјекти кај кои во претходниот период не е вршен инспекциски надзор, како претпоставка, се проценува среден степен на ризик.

## 3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Методологија стапува на сила од моментот на донесувањето од страна на директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, а по претходно прибавено мислење од Инспекцискиот совет (врска Наш арх. бр. 02-633/1 од 31.07.2020 година и заклучок од 177-ма седница на Инспекциски совет со арх. бр. 13-674/3 од 20.08.2020 година).

Дел. бр. 02-633/2

Датум: 25.08.2020 година

Место: Скопје (м.п.)

Проф. д-р Зоран Шапуриќ

В.Д Директор, Државен инспекторат за земјоделство

[потпис]

## Анекс бр 1: Закони и подзаконски акти по кои постапува инспекциската служба

Државниот инспекторат за земјоделство врши проценка на очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите за секој инспекциски сектор одделно во Државниот инспекторат за земјоделство.

Имено, Секторот за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство, врши проценка на ризиците применувајќи ги во основа следните закони:

*Законот за земјоделско земјиште;*
*Законот за рибарство и аквакултура*
*Законот за пасиштата*
*Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции*

Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство врши проценка на ризиците применувајќи ги во основа следните закони:

*Закон за производи за заштита на растенијата,*
*Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,*
*Закон за семенски и саден материјал на земјоделски растенија*
*Закон за виното*
*Закон за генетски модифицирани организми*

Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи, врши проценка на ризиците применувајќи ги во основа следните закони:

*Законот за земјоделството и руралниот* развој
*Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи*
*Законот за квалитетот на земјоделски производи*
*Законот за органското производство*

Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика, врши проценка на ризиците применувајќи ги во основа следните закони:

*Законот за здравјето на растенијата*
*Закон за производи за заштита на растенијата*

**Анекс бр 2: Надлежности и овластувања на ДИЗ**

ДИЗ врши инспекциски надзор над примената на законите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата и напобилиските прописи донесени врз основа на законите од овие области.

Инспекторатот врши и инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

Инспекторатот во својата надлежност е овластен да врши инспекциски надзор преку контроли и прегледи на:

1) земјоделското земјиште, земјоделски посеви и насади;
2) производство и промет на производи за заштитата на растенија;
3) производство и промет на семенски и саден материјал;
4) производство и промет на ѓубрива;
5) производство и промет на квалитет на добиточна храна;
6) евиденција на приплоден и друг добиток, преглед на земјоделскиот имот, на објекти и опрема при држење на добитокот, врши преглед на исхраната, утврдува земјоделска инфраструктура, врши надзор на држењето на пчели и пчеларски ред за испаша, водење на матични книги и обележувања, го утврдува исполнувањето на критериумите за производство, потекло на добитокот и надзор на прометот на добитокот и приплодниот материјал, како и надзор над работата на одобрените институции и одгледувалишта на пчелни матици;
7) производство, промет и улов на риби;
8) генетски модифицирани организми;
9) радионуклиди во добиточна храна, растенија и семенски материјал;
10) производство и промет на афион;
11) производство и промет на органски производи;
12) производство и промет на вино;
13) производство и промет на тутун;
14) производство и промет на цвеќе и декоративни растенија;
15) пасишта;
16) правни и физички лица за добивање на финансиска поддршка во земјоделството;
17) настанати полски штети;
18) опремата и простории каде што се врши преработка и доработка на земјоделски производи;
19) земјоделска механизација, техника и транспортни средства;
20) процесите на преработка и доработка во сите фази, се до финалниот производ;
21) зоните чувствителни на нитрати и наводнување и одводнување;
22) спроведување на препораките за добра земјоделска пракса;
23) просториите за чување и одржување на земјоделските производи и
24) деловни простории, книги, исправи, материјали во електронска форма, документација која се води и чува во електронски медии, а на барање да се изработат во писмена форма која мора веродостојно да ја потврдува електронската форма, службени регистри и други јавни бази на податоци и друга документација преку која се остварува увид во извршувањето на законите и поблиските прописи.

Инспекторатот е овластен да врши инспекциски надзор на правни и физички лица преку контрола на квалитетот и прегледи на пратките од увоз, извоз, производство, откуп, промет на земјоделски производи, семе и саден материјал, цвеќе и декоративни растенија, производи за заштита на растенија, вино и производи од вино и грозје, енолошки средства,

јаки алкохолни пијалаци, ѓубриња, тутун и тутунски производи, органски производи, гмо, храна за животни, приплоден добиток, сперма од добиток, јајце клетки, ембриони.

Инспекторатот врши и фитосанитарна контрола на пратки од растенија, растителни производи и други објекти и предмети и производи за заштита на растенијата како и утврдување за исполнување на условите за издавање на фитосанитарен сертификат, фитосанитарен сертификат за реекспорт и пасош за растенијата.

Инспекторатот постапува по барања од правни и физички лица за проверување и утврдување на исполнување на условите за увоз на одделни земјоделски производи, за прозводство и откуп на земјоделски производи и тутун, како и за утврдување на исполнување на условите за регистрација на откупни пунктови, винарски визби, рибници, пломбирање на мрежи.